


**СЕДУМНАЕСЕТТО ПОКЛОНЕНИЕ ПРЕД ГРОБОТ НА СВЕТИ КИРИЛ ВО ВЕЧНИОТ РИМ ВО 1985 ГОДИНА**

***Во 1985 година, по традиција кога се одбележува 1100-годишнината од смртта на свети Методиј во Рим, се одржа манифестацијата „Во чест на свети Кирил", втемелувачот на словенската писменост и култура . Во рамките на програмата на оваа значајна манифестација се одржа изложба на уметнички колор-фотографии „Светлините на Охрид" од талентираниот охридски фотограф Ристо Шапкар, којашто претходно беше подготвена по повод вклучувањето на Охрид во УНЕСКО-виот список на објекти од светско значење, а д-р Јосип Братулиќ, професор на Филозофскиот факултет во Загреб, одржа предавање на тема: „Наследството на Константин-Кирил и Методиј на Балканот".***

Државната делегација ја сочинуваа: проф. д-р Данчо Зографски, шеф на делегацијата, дописен член на Македонската академија на науките и уметностите и директорот на Институтот за национална историја во Скопје, потоа д-р Јосип Братулиќ , професор на Филозофскито факултет во Загреб, Алберт Бубичиќ, советник за култура во

амбасадата на СФРЈ при Република Италија и Михаил Банде, помошник – претседател на Републичката комисија за културни врски со странство, која беше и организатор на манифестацијата.

Црковната делегација, пак, ја сочинуваа митрополитот австралиски г. Тимотеј и свештеникот

Спасе Стефановски. Манифестацијата отпочна во Рим на 20 мај 1985 година со свеченото

отворање на изложбата „ Светлините на Охрид" чија ликовна-графичка спрема на каталогот и експозицијата на изложбата ја направија Нико и Жарко Този, а се изврши во присуство на преку 120 гости, меѓу кои беа и амбасадорот на СФРЈ при Република Италија Анте Скатеретико и амбасадорот на СФРЈ при Светата столица Звонко Стенек, директорот на музјот г. Бернини, претставници на Министерството за надворешни работи на Италија и Ватикан, поголем број истакнати јавни и културни работници од главниот град на Италија и други гости.







**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**